Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 46 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) и член 24 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20, 44/21 и 240/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 2 јануари 2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство, промет и услуги ТЕРА ВЕЈ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје се издава лиценца за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија.

2. Лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство, промет и услуги ТЕРА ВЕЈ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со седиште на Булевар “Јане Сандански” бр.38/1 Скопје-Аеродром (во понатамошниот текст: Друштво), на 18 декември 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе Барање за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија, УП1 бр. 12-793/24 од 18 декември 2024 година.

Согласно член 8, став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 23 декември 2024 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 14, односно од Прилог 2 Образец БЛ 14 од Правилникот за лиценци во оригинал и електронски во .pdf формат, при што Барањето беше комплетно.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-13/1 од 2 јануари 2025 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 2 јануари 2025 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 46 од Законот за енергетика* и член 24 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за издавање на лиценца за трговија на електрична енергија на Друштвото за производство, промет и услуги ТЕРА ВЕЈ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-793/24**
**2 јануари 2025 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

**Прилог:**

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. **Назив и седиште на носителот на лиценцата**
   Друштво за производство, промет и услуги ТЕРА ВЕЈ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со седиште на Булевар "Јане Сандански" бр.38/1 Скопје-Аеродром, Република Северна Македонија.

2. **Енергетската дејност за која се издава лиценцата:** Трговија со електрична енергија

3. **Датум на издавање на лиценцата:** 2 јануари 2025 година

4. **Датум на важење на лиценцата:** 2 јануари 2035 година

5. **Евидентен број на издадената лиценца:** ЕЕ-ТРГ-1590-2024

6. **Единствен матичен број:** 7808054

7. **Единствен даночен број:** 4032024564723

8. **Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
   Како трговија со електрична енергија во смисла на оваа лиценца, се смета купување на електрична енергија во Република Северна Македонија или странство, заради продажба на други трговци, снабдувачи, операторот на електропреносниот систем, операторот на електродистрибутивниот систем, потрошувачи на електрична енергија што ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазар на електрична енергија, како и продажба во странство.

9. **Подрачје на кое ќе се врши дејноста**
   Енергетската дејност трговија со електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши на целата територија на Република Северна Македонија и странство.

10. **Општи обврски за носителот на лиценцата**
    Носителот на лиценцата е должен:
    - на операторот на електропреносниот систем и операторот на пазарот на електрична енергија навремено да им ги доставува информациите за количините на електрична енергија и соодветните временски распореди од сите договори за купопродажба на електрична енергија, како и од договорите за прекугранични трансакции преку електропреносната мрежа во согласност со правилата за пазар на електрична енергија и правилата за доделување на прекугранични преносни капацитети,
    - во случаите кога врши прекугранични трансакции на електрична енергија, за електричната енергија за која се обврзал да ја испорача на своите потрошувачи, е должен да закупи доволен прекуграничен електропреносен и/или електродистрибутивен капацитет во согласност со Законот за енергетика* и прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика*,

- да обезбеди доверливост на податоците и количините на испорачаната електрична енергија до потрошувачите,
- врз основа на мерењата за потрошената електрична енергија извршени од операторот на соодветниот систем, на своите потрошувачи им фактурира за испорачаната електрична енергија по договорената цена, при што во фактурата за потрошувачите директно приклучени на електропреносниот систем го вклучува и надоместокот на електрична енергија од обновливи извори на енергија произведена од повластени производители кои користат повластена тарифа. Ако носителот на лиценцата има склучено договор со операторот на електродистрибутивниот систем во фактурата за испорачаната електрична енергија го вклучува и надоместокот за користење на електродистрибутивниот систем,
- обезбеди непречена и континуирана испорака на електрична енергија согласно договорите за купопродажба на електрична енергија,
- доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- да води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност
- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на дејноста трговија со електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа,
- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци.

**11. Обврска за доставување на годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 31 март во тековната година да достави годишен извештај за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. набавена и продадена количина на електрична енергија во текот на годината,
2. годишна завршна сметка со сите прилози,
3. кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,
4. обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на дејноста.

**12. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**13. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.